**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-498/4**

**Скопје, 04.09.2008 година**

**До**
**Академија за обука на судии и јавни обвинители**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Академија за обука на судии и јавни обвинители сметка за редовно работење (во понатамошниот текст Акедемијата) за 2007 година кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Академијата за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Анета Арнаудовска – Директор на Академија за обука на судии и јавни обвинители од 24.10.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 19.06.2008 година до 01.07.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

10.1.1. Не е извршен попис на обврските спрема добавувачите со ден 31.12.2007 година, односно не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба, што не е во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Непочитување на законската регулатива предизвикува можност од нереално и необјективно прикажување на наведените позиции во Билансот на состојба.

Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 Ревизорски докази и 505 Екстерни конфирмации од страна на ревизијата испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирените обврски во вкупен износ од 467 иљадаи денари испратени се 8 конфирмации во износ од 427 иљади денари, кои опфаќаат 91% од обврските. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 5 комитенти во износ од 269 иљади денари (63% од испратените конфирмации), од кои 4 конфирмации во износ од 226 иљада денари ја потврдија сметководствената состојба (84% од испратените конфирмации), 1 конфирмации во износ од 43 иљади денари не ја потврдија сметководствената состојба (16 % од испратените конфирмации ) додека за 3 конфирмации во вкупен износ од 158 иљади денари (37% - од испратените конфирмации) не се добиени одговори. Врз основа на изнесеното ревизијата можеше да се увери во реалноста и објективноста во прикажаната состојба на обврските

**Препорака:**
Пописот на обврските да е дел од пописот под 31. Декември заради усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

### *10.2. Ненаменско и незаконско користење на средствата*

*10.2.1.* Во текот на 2007 година Академијата ангажира лица за вршење на работни задачи под категоријата авторски договор, со посредство на Македонска авторска агенција, спротивно на Законот за авторски права и сродни права, од причина што согласно наведениот закон ....„Авторско дело, ....... е индивидуална

и интелектуална творба од областа на книжевноста, науката, уметноста и од други области на творештвото ....„. Лицата не се ангажирани согласно Законот за агенциите за привремени вработување поради што на исплатените средства за нето плати во износ од 1.535 илјади денари не се пресметани и уплатени придонеси од надоместок.

**Препорака:**
Академијата ангажирањето на лица за привремени и повремени работи и работни задачи да го врши согласно одредбите од Закон за агенциите за привремени вработувања.

***10.2.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки***

- Превземени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 397 илјади денари.
- Вршени се набавки од мала вредност за одреден вид или група на стоки и услуги, повеќе пати во годината, спротивно на член 72 точка 2 од Законот за јавни набавки (“Службен весник на РМ” бр.19/04), во износ од 803 илјади денари.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1. и 10.2. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Академија за обука на судии и јавни обвинители - сметка за редовно работење на ден 31 Декември 2007 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Академија за обука на судии и јавни обвинители - сметка за редовно работење е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 04.09.2008 година**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

**Академија за обука на судии и јавни обвинители**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 15,431 | 890 |
| **Вкупно приходи** | **15,431** | **890** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3,541 | 0 |
| Стоки и услуги | 10,691 | 392 |
| **Вкупно тековни расходи** | **14,232** | **392** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1,199 | 498 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1,199** | **498** |
| **Вкупно расходи** | **15,431** | **890** |

**Академија за обука на судии и јавни обвинители**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 1,084 | 306 |
| Залихи | 338 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,422** | **306** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 42,714 | 43,815 |
| **Вкупно постојани средства** | **42,714** | **43,815** |
| **Вкупна актива** | **44,136** | **44,121** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 281 | 188 |
| Краткорочни финансиски обврски | 370 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 48 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 384 | 118 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,083** | **306** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 43,053 | 43,815 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **43,053** | **43,815** |
| **Вкупна пасива** | **44,136** | **44,121** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Академија за обука на судии и јавни обвинители**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **43,815** | **-** | **43,815** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,105** | **990** | **2,095** |
| Набавки | 1,105 | 990 | **2,095** |
| **Намалување по основ на:** | **(2,205)** | **(652)** | **(2,857)** |
| Потрошок | - | (652) | **(652)** |
| Корекции по ревизија | - | - | **-** |
| Пресметана амортизација | (2,205) | - | **(2,205)** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **42,715** | **338** | **43,053** |